...ст на фашизмот — Слобода на народот! Претплатата е платена во готово

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 9 Скопје, понеделник, 4 април 1948 г. Год. V

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НР Македонија" Пошт. фах 51: Скопје. Ракописите не се враќаат. Телефон на редакцијата и администрацијата 696

Овој број чини 4 динари. Претплатата за една година износи 250 дин. за едно полугодие 125 динари. Чековна сметка при Народна банка на ФНРЈ.—Централа за НРМ—Скопје 8.901.812

6

Врз основа чл. 7 ст. 1 од Законот за административно-територијалната подела на Народна Република Македонија во врска со член 5 точ. 25 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ а со предлог на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесува

УКАЗ

ЗА СТАВАЊЕ ВОН СИЛА СТАВОТ 1 ОД ТОЧКА 9 НА ЧЛЕНОТ 1 НА УКАЗОТ ЗА ОДДЕЛУВАЊЕ, СОЕДИНУВАЊЕ УКИНУВАЊЕ И ПРОМЕНИ НА ГРАНИЦИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНО ТЕРИТОРИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ

Член 1

Се става вон сила ставот 1 од точка 9 на членот 1 на Указот на Президиумот на Народното собрание на НРМ за одделување, соединување, укинување и промени на границите на административно-територијални единици У. Бр. 10 од 23 ноември 1948 година кој што став гласи: Месниот народен одбор на селата Пресил и Милошево се одделува од подрачјето на Прилепска околија и се соединува кон подрачјето на Крушевската околија".

Член 2

Овој Указ влегува во сила веднаш.

Скопје, 17 март 1949 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател,
Богоја Фотев с. р.

Секретар,
Кр. Црвенковски с. р.

69

Врз основа чл. 73 т. 7 од Уставот на НРМ, а по предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

УКАЗ

ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВЛАДАТА НА НРМ

I.

Се уважаваат оставките и се разрешаваат од досегашните им должности:

1. Министерот на трговијата и снабдувањето Киро Мисајловски;

2. Министерот на градежите Живко Трајковски и

3. Министерот на земјоделието Ванчо Бурзевски.

II.

Се поставаат:

1. за Министер на трговијата и снабдувањето Христо Бајалски, народен пратеник, досега помошник министер на трговијата и снабдувањето;

2. за Министер на градежите Димче Беловски, народен пратеник и претседател на Народната младина на Македонија;

3. за Министер на земјоделието Вера Ацева, народен пратеник и Претседател на Главниот сојуз на земјоделските задруги на Македонија; и

4. за Министер во Владата и Претседател на Комитетот за Универзитет, високи школи и научни установи Крсте Црвенковски, народен пратеник и секретар на Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија.

III.

Владата на НРМ ќе го изврши овој Указ.

У. Бр. 2

Скопје, 17 март 1949 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар,
Крсте Црвенковски с. р.

Претседател,
Богоја Фотев с. р.

70

Врз основа чл. 73 т. 10 од Уставот на НРМ, а по предлог на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија го донесе следниот

УКАЗ

за одредување државни стопански претпријатија од локално значење за претпријатија од републиканско значење

1. Претпријатијата од локално значење: Текстилната фабонка „Пелистер" во Битола и Фабиката за свилени платна „Илинден" во Битола, се одредуваат за претпријатија од републиканско значење.

2. Владата на НРМ ќе го изврши овој Указ.

У. Бр. 3

Скопје, 17 март 1949 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар,
Крсте Црвенковски с. р.

Претседател,
Богоја Фотев с. р.

71

Врз основа на чл. 73 точ. 4 од Уставот на Народна Република Македонија и чл. 4 од Законот за избор на одборници за народните одбори, Президиумот на Народното собрание на НРМ го донесува следниот

УКАЗ

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ОПШТИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ОДБОРНИЦИ ЗА СИТЕ МЕСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ НА ТЕРИТИРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се распишуваат општи избори за избор на одборници за сите месни народни одбори на територијата на Народна Република Македонија.

2. Изборите за сите месни народни одбори ќе се одржат по следниот распоред:

а) изборите за сите месни народни одбори од подрачјата на штипската, кратовската, крушевската, царевоселската, беровската, ѓорче петровската и ресенската административна околија ќе се одржат во недела на ден 8 мај 1949 година;

б) изборите за сите месни народни одбори од подрачјата на титов-велешката, тетовската, охридската, гевгелиската, струшката и радовишката административна околија ќе се одржат во недела на ден 15 мај 1949 година.

в) изборите за сите месни народни одбори од подрачјата на битолската, дебарската, кочанската, кривопаланачката, кавадарската и гостиварската околија ќе се одржи во недела на ден 22 мај 1949 година.

г) изборите за сите месни народни одбори од подрачјата на прилепската, светиниколската, скопската, кумановската, струмичката, демирхисарската и бродската административна околија ќе се одржат во недела на ден 29 мај 1949 година.

3. Спроведувањето во живот на овој Указ за секоја група месни народни одбори наведени во точ. 2 од овој Указ, има да започне и тоа:

за групата под а) на ден 3 април 1949 година,
за групата под б) на ден 10 април 1949 година,
за групата под в) на ден 17 април 1949 година,
за групата под г) на ден 24 април 1949 година, т. е.

од тој ден има да се смета срокот за поднесување и потврдување на кандидатски листи предвиден во чл. 33 од Законот за избор на одборници за народнитео дбори, како и сроковите за сите други постапки во врска со предниот закон.

У. Бр. 5 — Скопје, 26 март 1949 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Крсте Црвенковски, с. р.

Претседател, Богоја Фотев, с. р.

7

Врз основа на чл. 29 точ. 3 во врска со член 10 од Законот за Петгодишниот план за развиток на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947—1951, Владата на Народна Република Македонија, по предлог од Министерот на комуналните работи ја донесува следната

УРЕДБА

ЗА ДОЗВОЛИТЕ ЗА ОСНИВАЊЕ И ОБАВУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИ РАДЊИ

Член 1

За оснивање и обавување на занаетчиски радњи на државните надлештва, установи и претпријатија, на занаетчиски радњи на друштвените и задружните организации и на приватни занаетчиски радњи потребна е дозвола.

Не е потребна дозвола за оснивање и работа на државните занаетчиски претпријатија кои што ги оснивaат и со кои, како административно-оперативни раководители, раководат народните одбори. Решението за нивното оснивање ја замени да дозволата.

Не е потребна дозвола за оснивање и работа на занаетчиските работилници на државните надлештва, установи и претпријатија и на занаетчиските работилници на друштвените и задружните организации ако тие работилници не работат со трети лица и ако, при тоа, работат само во врска со предметот на работата на нивниот оснивач (затворени занаетчиски работилници).

Не е потребна посебна дозвола за работење на занаетчиските задруги чиите правила се одобрени.

Член 2

За оснивање занаетчиски радњи на државните надлештва, установи и претпријатија од локално значение, на занаетчиски радњи на друштвените и задружните организации и на приватни занаетчиски радњи дозволата ја дава извршниот одбор на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор.

За оснивање на занаетчиски радњи на државните надлештва, установи и претпријатија од сојузно и републиканско значение дозволата ја дава Министерот на комуналните работи.

Член 3

За да може занаетчија да добие дозвола за оснивање и обавување на приватна занаетчиска радња мора да ги исполнува овие услови:

1) да ужива избирачко право;
2) да има пословна способност;
3) да има положен мајсторски испит односно стручна спрема што се изедначува со мајсторски испит; и
4) со судска пресуда или со решение на надлежниот државен орган да не му е забранено обавувањето на таа занаетчиска радиност или времето на таа забрана да поминало.

Горните услови треба да ги исполнуваат и пословоѓите на занаетчиските радњи на државните надлештва, установи и претпријатија и на занаетчиските радњи на друштвените и задружните организации, ако тие радњи работат со трети лица или ако тие не работат само во врска со предметот на работата на нивниот оснивач.

Член 4

Министерот на комуналните работи во согласност со министерот на внатрешните работи може да даде на туѓи државјани дозвола за оснивање и обавување на приватна занаетчиска радња.

Член 5

Молбата за издавање на дозволи за оснивање и образување на занаетчиска радња му се поднесува на надлежниот орган надлежен по чл. 2 на оваа уредба. Молбата треба да ги содржи сите лични и стварни податоци потребни за донесување на решение. Кон молбата се приложуваат исправите со кои се утврдува дека молителот ги исполнува пропишаните услови за оснивање и обавување на занаетчиска радња.

Ако занаетчиската радња се води преку пословоѓа во смисол на последниот став од член 3 тогаш кон молбата се поднесуваат докази дека пословоѓата ги исполнува условите од точка 1—4 на член 3 од оваа уредба.

Член 6

Извршниот одбор на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор односно Министерството на комуналните работи при издавањето на дозвола ќе се раководи од потребите на населението на околијата или градот (реонот) односно од потребите на оснивачот за таква занаетчиска работилница, како и од интересите на развојот на стопанството.

Член 7

За едновремено обавување на повеќе сродни струки од занаетот може да се издаде една дозвола, само во случај ако тие струки по нивната природа и според месните потреби и обичаи, можат и треба заедно да се обавуваат.

Член 8

Занаетчијата односно оснивачот на занаетчиска радња е должен во срок од 60 дена по добивањето на дозволата да изврши регистрација на занаетчиската радња и да го отпочне обавувањето на радњата. По оправдани причини државниот орган што ја издал дозволата може да му го продолжи срокот уште за 30 дена. Доколку во тој срок радњата не се отвори и работата не се отпочне, дозволата ја губи својата важност.

Член 9

Извршниот одбор на околискиот (градскиот, реонскиот) народен одбор односно министерот на комуналните работи може со свое решение да одземе дозвола за обавување на занаетчиска радња:

1) ако е сопственикот на приватна занаетчиска радња правосилно осуден на казна лишение од слобода со присилна работа, на казна лишение од слобода во траење подолго од шест месеци или на казна поправителна работа во траење подолго од една година;

2) ако е сопственикот на приватна занаетчиска радња правосилно казнен за прекршок во врска со обавувањето на радњата најмалку три пати за последната година;

3) ако сопственикот на приватна занаетчиска радња престане да ги исполнува условите од точ. 1, 2 и 4 на чл. 3 на оваа уредба.

Ако по точ. 1 и 2 од овој член е казнен пословоѓата на занаетчиска радња на државно надлештво, установа или претпријатие односно пословоѓата на занаетчиската радња на друштвена или задружна организација, како и ако постовоѓата престане да ги исполнува условите од точ. 1, 2 и 4 на чл. 3 на оваа уредба, административно-опертивниот раководител на радњата е должен по барање од Министерот на комуналните работи, да го уклони тој пословоѓа и да го замени со пословоѓа кој ги исполнува условите по чл. 3, точ. 1—4 на оваа уредба.

Жалбата против решение на извршен одбор на околиски односно градски (реонски) народен одбор му се

поднесува на министерот на комуналните работи во срок од 15 дена, по примањето на това решение.

Жалбата против решение донесено во прв степен од министерот на комуналните работи п' се поднесува на Владата во срок од 15 дена по примањето на това решение

До одлуката по жалбата жалителот го задржува правото на обавување на работата.

Министерот на комуналните работи може и по службена должност по правото на надзор, да поништи решение за одземање на дозвола што го донел извршен одбор на околиски односно градски (реонски) народен одбор.

Надлежниот орган може одземената дозвола да му ја врати на лицето на кое му е одземена, ако најде дека има услови за това и доколку и лицето това го желае.

Член 10

Остануваат во важност сите дозволи за основање и обавување на занаетчиска работа издадени до денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Извршните одбори на околиските односно градските (реонските) народни одбори, во срок од три месеца по влегувањето во сила на оваа уредба, ќе извршат поново преглед на сите молби за издавање на дозволи за основање и обавување на занаетчиска работа кои што се поднесени след 1 јануари 1948 година а не се уважени. Ако подносителите на молбите уште желаат да отворат занаетчиска работа, одборот ќе им издаде дозвола доколку ги исполнуваат условите одредени со оваа уредба.

Член 11

Извршните одбори на околиските односно градските (реонските) народни одбори, во срок од три месеца по влегувањето во сила на оваа уредба, ќе извршат поново преглед на сите предмети по кои дозволите за обавување на приватни занаетчиски работи се одземени след 1 јануари 1948 година. Ако за това одземање нема место и по оваа уредба, дозволата ќе му се врати на лицето на кое што му е одземено, доколку ова самото това го желае.

Член 12

Поблиски прописи за извршувањето на оваа уредба ќе донесе по потреба министерот на комуналните работи.

Член 13

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 2430, 24-III-1949 год., Скопје.

Министер на Комуналните работи, Арх. К. Георгиевски, с. р.

Претседател на Владата, Л. Колишевски, с. р.

73

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОТКУПОТ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ И ЗА ОСНИВАЊЕ НА ГЛАВНА ДИРЕКЦИЈА ЗА ОТКУП И ПРОМЕТ СО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ

Член 1

Откуп на млеко и млечни производи на подрачјето на Народна Република Македонија вршат претпријатија за откуп на млеко и млечни производи од републиканско значење, како и локални државни откупни претпријатија и земјоделски задруги.

Републикански откупни претпријатија се основаат во суфицитарните реони. Секое републиканско откупно претпријатие опфаќа определен откупни реон. Министерот за трговија и снабдување го определува бројот на републикански откупни претпријатија, како и нивниот откупен реон.

Републиканските откупни претпријатија вршат откуп на млеко со цел за преработка, како и откуп на млечни производи, а исто така учествуваат и во снабдувањето со млеко на поголемите градови, индустриски и рударски центри.

Републиканското откупно претпријатие има свои филијали кои што откупот го вршат преку свои откупни станици, а каде што тоа не е возможно преку организационо способни околиски откупни претпријатија или земјоделски задруги како свои комисионери.

Во реоните каде откуп вршат републиканските откупни претпријатија, задругите можат да откупуваат млеко и млечни производи на своето подрачје само како комисионери на републиканското откупно претпријатие.

Градските откупни претпријатија можат да вршат само откуп на млеко за локални потреби и не можат да се занимаваат со откуп на млечни производи и преработка. Градските откупни претпријатија можат да вршат откуп на млеко по правило во својата околија односно во подрачјето на околијата од чиј административен состав е издвоен градот. Министерот за трговија и снабдување може на градските претпријатија на поголемите градови да одобри откуп на млеко и надвор од нивната околија и во таја цел да определи откупни реон. Градските откупни претпријатија вршат откуп преку сопствена откупна мрежа (откупни станици), а каде това е невозможно, преку околиски откупни претпријатија и земјоделски задруги, како свои комисионери.

Во подрачјата каде откуп не вршат републиканските откупни претпријатија односно нивните комисионери, откуп на млеко за локални потреби ќе вршат самостално околиските откупни претпријатија и задруги.

Републиканските откупни претпријатија имаат станица за преработка на млеко (мандои), млекари, сепаратоои и други уреди за преработка на млеко во млечни производи.

Член 2

Во Министерството за трговија и снабдување се основа Главна дирекција за откуп и промет со млеко и млечни производи.

Седиштето на Главната дирекција е во град Скопје.

Главна дирекција за откуп и промет со млеко и млечни производи е администоативно-оперативни раководител на откупните претпријатија за откуп на млеко и млечни производи од републиканско значење и има надлежност која што со закони и уредби е дадена на административно-оперативните раководители.

Член 3

Покрај задачите од чл. 2 Главната дирекција има за задача особено следното:

а) комерцијално да раководи со извршувањето на планот за откуп и планот за расподелба (снабдување) на млеко и млечни производи и во таја цел преку своите претпријатија иницијативно да организира откуп на сите одвишоци на теренот, остварувајќи ја нужната соработка со надлежните државни органи;

б) на основание планот за расподелба (снабдување), а во рамките на диспозициите на надлежните органи, располага со откупените количини млеко и млечни производи и издава диспозиции на претпријатијата;

в) работата и пословањето на претпријатијата кои се под нејно административно-оперативно раководство да ја ускладува со работата и работењето на локалната откупна мрежа (државна и задружна), која врши откуп како комисионер;

г) со цел да се правилно изврши планот за откуп, планот за производство и планот за расподелба (снабдување), да соработува со надлежните органи од ресорот на земјоделието;

д) на основание на плановите да го организира и унапредува производството и преработката на млекото и во таја цел да дава плански задачи на своите претпријатија за основање и работата на станици за преработка на млеко (мандри), млекари, сепаратори и други уреди за преработка на млеко;

ѓ) преку своите претпријатија да се грижи за правилно сместување, транспорт и квалитетно чување на откупените количини, да води контрола над това и да се грижи за набавка на амбалаж и уреди за сместување, транспорт и преработка на млеко и млечни производи;

е) да води оперативна евиденција за откупот, преработката и испораката на млеко и млечни производи.

Член 4

Главната дирекција, во рамките на примените диспозиции на надлежните органи, располага со сите количини млеко и млечни производи, кои ќе ги откупат односно преработат републиканските претпријатија и локалните државни

откупни претпријатија и земјоделските задруги како комисионери.

Републиканските откупни претпријатија можат да располагаат со откупените односно преработените количини на млеко и млечни производи само на основание налози на Главната дирекција.

Локалните откупни претпријатија и земјоделските задруги кои вршат откуп како комисионери на републиканското откупно претпријатие можат да располагаат со откупените односно преработените количини млеко и млечни производи само на основание налози на републиканското откупно претпријатие.

Член 5

Локалните државни откупни претпријатија и задругите кои откупуваат млеко за локални потреби, должни се за откупените количини да ја известуваат Главната дирекција преку републиканското откупно претпријатие определено од Главната дирекција.

Член 6

Републиканските откупни претпријатија, локалните откупни претпријатија и задругите кои вршат откуп на млеко и млечни производи должни се, да водат евиденција за откупот и за сите промени, издадени и извршени диспозиции.

Член 7

На чело на Главната дирекција стои главен директор кој управува со сите работи на дирекцијата.

Со комерцијалните работи управува комерцијалниот директор.

Член 8

Главниот директор и комерцијалниот директор ги поставува Министерот за трговија и снабдување во согласие со Претседателот на Владата.

Член 9

Главната дирекција има совет во кој влегуваат: главниот директор, комерцијалниот директор, директорите на републиканските откупни претпријатија и службеници на Главна дирекција определени од главниот директор.

Главниот директор може на состаноците на советот по потреба да повикува и други лица.

Член 10

Поблиски прописи за извршување на оваа уредба и организацијата и работата на Главната дирекција донесува Министерот за трговија и снабдување.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила веднаш.

Број 2412, 24-III-1949 година, Скопје

Претседател на Владата,
Л. Колишевски, с. р.

Министер
за трговија и снабдување,
Хр. Бајалски, с. р.

74

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањето од народното стопанство и обновата на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија ја донесува следната

УРЕДБА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОТКУПОТ НА ДОБИТОК И НА ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО И ЗА ОСНИВАЊЕ НА ГЛАВНА ДИРЕКЦИЈА ЗА ОТКУП И ПРОМЕТ СО ДОБИТОК И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ

Член 1

Откуп на добиток и на производи од месо на подрачјето на Народна Република Македонија ќе вршат претпријатијата за откуп на добиток и производи од месо од републиканско значење.

Секое републиканско откупно претпријатие опфаќа определен откупен реон. Министерот за трговија и снабдување го определува бројот на откупните претпријатија за подрачјето на Народна Република Македонија, како и реонот за секое републиканско претпријатие.

Републиканското откупно претпријатие има во својата околија од својот реон филијали, кои што врши откуп на своето подрачје преку сопствени откупни станици, а дека за тоа нема возможност, преку организационо способни месни земјоделски задруги како свои комисионери. Каде што, претпријатија чиј што реон опфаќа поголем број околии не мораат да основаат филијали за поединa (одделна) околија каде што трговските одвишоци се помали. Во таква околија откуп за републиканските претпријатија ќе врши како комисионер на републиканското претпријатие, организационо способно локално откупно претпријатие преку своја откупна мрежа, или околиски сојуз на земјоделските задруги.

Член 2

Во Министерството за трговија и снабдување се основа Главна дирекција за откуп и промет со добиток и производи од месо со седиште во град Скопје.

Главната дирекција за откуп и промет со добиток и производи од месо е административно-оперативен раководител на претпријатијата од републиканско значење од чл. 1 и има надлежност која со закони и уредби е дадена на административно-оперативните раководители.

Член 3

Покрај задачите од чл. 2 Главната дирекција има за задача особено следното:

а) комерцијално да раководи со извршувањето на планот за откуп и планот за расподелба (снабдување) на добиток и производи од месо и да во таа цел преку своите претпријатија иницијативно организира откуп на сите одвишоци на теренот, остварувајќи ја нужната соработка со надлежните државни органи;

б) на основание планот за расподелба (снабдување), а во рамките на диспозициите и надлежните органи, да располага со откупените количества на добиток и производи од месо и да издава диспозиции на претпријатијата;

в) работата и пословањето на претпријатијата кои се под нејно административно-оперативно раководство да ја ускладува со работата и пословањето на локалната откупна мрежа (државна и задружна) која врши откуп како комисионер;

г) преку своите откупни претпријатија да се грижи за правилно сместување односно разместување, транспорт и чување на откупениот добиток, да води контрола над тоа, како и да во таа цел организира испаши; и

д) да води оперативна евиденција за откупот, состојбата и испораката на добитокот.

Член 4

Главната дирекција во рамките на применетите диспозиции од Министерството за трговија и снабдување располага со сите количества добиток и производи од месо што ќе ги откупат републиканските претпријатија за откуп на добиток и месо, како и со количества на добиток што ќе ги откупат локалните откупни претпријатија односно околиските сојузи на земјоделските задруги како комисионери.

Републиканските откупни претпријатија можат да располагаат со откупените количества добиток и производи од месо само врз основа на налози од Главната дирекција. Филијалите и откупните станици можат да располагаат со откупени количества добиток и производи од месо само врз основа на налози на републиканското откупно претпријатие.

Локалните откупни претпријатија и околиските сојузи на земјоделските задруги што вршат откуп како комисионери можат да располагаат со откупените количества добиток и производи од месо врз основа на налози од републиканското откупно претпријатие односно од Главната дирекција.

Доколку Главната дирекција непосредно издава налози за диспозиции до локалните откупни претпријатија и околиските сојузи на земјоделските задруги, за дадената диспозиција должна е веднаш да го извести и соодветното републиканско откупно претпријатие.

Член 5

Републиканските откупни претпријатија, филијалите и откупните станици, како и локалните откупни претпријатија и околиските сојузи на земјоделските задруги должни се да водат евиденција за откупот и за сите промени и издадени и извршени диспозиции.

Локалните откупни претпријатија и околиските сојузи на земјоделските задруги должни се, за сите откупени

количества добиток по најбрз пат да поднесуваат извештан до Главната дирекција преку републиканското претпријатие под чај откупни реон истите потпаѓаат.

Член 6

На чело на Главната дирекција стои главен директор, кој управува со сите работи на дирекцијата.

Со комерцијалните работи управува комерцијалниот директор.

Член 7

Главниот директор и комерцијалниот директор ги поставува Министерот за трговија и снабдување во согласие со Претседателот на Владата.

Член 8

Главните дирекција има совет во кој влегуваат: главниот директор, комерцијалниот директор, директорите на републиканските откупни претпријатија и службеници на главна дирекција определени од Главниот директор.

Главниот директор може на состаноците на советот да да повикува по потреба и други лица.

Член 9

Поблиски прописи за извршување на оваа уредба и за организацијата и работата на Главната дирекција донесува министерот за трговија и снабдување.

Член 10

Оваа уредба влегува во сила веднаш.

Број 2416, 24 март 1949 год., Скопје.

Министер за трговија и снабдување, Кр. Бајалски, с. р.

Претседател на Владата, Л. Колишевски, с. р.

75

Врз основа чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија ја донесува

УРЕДБА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОТКУПОТ НА ЖИВИНА, ЈАЈЦА И ПЕРЈА И ЗА ОСНИВАЊЕ ГЛАВНА ДИРЕКЦИЈА ЗА ОТКУП И ПРОМЕТ СО ЖИВИНА, ЈАЈЦА И ПЕРЈА НА МИНСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ

Член 1

Откупот на живина, јајца и перја на подрачјето на Народна Република Македонија вршат претпријатијата за откуп на живина, јајца и перја од републиканско значение.

Секое републиканско откупно претпријатие опфаќа определен откупни реон. Министерот за трговија и снабдување го определува бројот на републиканските откупни претпријатија за подрачјето на Народна Република Македонија, како и реонот за секое републиканско откупно претпријатие, со това мрежата на републиканските откупни претпријатија да го опфаќа целото подрачје на Народна Република Македонија.

Републиканското претпријатие има во секоја околија од својот реон филијали, кои вршат откуп на своето подрачје. Претпријатието може да има откупни станици или комисионери во поедини места и села, кои не се седишта на околијата, а имаат тржишни одвишоци. Комисионери можат да бидат организационо способни околиски откупни претпријатија и месни земјоделски задруги.

Републиканското претпријатие може да има фарми за узгој на живина, инкубаторски станици и кланици.

Член 2

Покрај републиканските откупни претпријатија откуп на живина и јајца во слободна продажба (по пазарни цени) за подмирување на локални потреби, можат да вршат и локалните државни претпријатија (околиски, градски и месни) и задругите и тоа: 1) врз основа предходно добивено одобрение од повереникот за трговија и снабдување на надлежниот околиски (градски) народен одбор ако откупот го вршат во околијата (градот) и 2) врз основа претходно одобрение од Управата за откуп на земјоделски производи на Министерството за трговија и снабдување ако откупот го вршат надвор од својата околија (град). За секое издадено одобрение Повереството за трговија и снабдување должно а веднаш да ја извести Главната дирекција за откуп и промет со живина, јајца и перја на Министерството за трговија и снабдување.

Член 3

Во Министерството за трговија и снабдување се оснива Главна дирекција за промет со живина, јајца и перја со седиште во град Скопје.

Главната дирекција за откуп и промет со живина, јајца и перја е идминистративно-оперативен раководител на претпријатијата од републиканско значение за откуп на живина, јајца и перја и има надлежност која со закони и уредби е дадена на административно-оперативните раководители.

Член 4

Покрај задачите од чл. 3 Главната дирекција има за задача особено следното:

а) комерцијално да раководи со извршувањето на планот за откуп и планот за расподелба (снабдување) на живина, јајца и перја и во таја цел преку своите претпријатија иницијативно да организира откуп на сите одвишоци на теренот, остварувајќи нужна соработка со надлежните државни органи;

б) на основание плановите за расподелба (снабдување), а во рамките на диспозициите на надлежните органи, да располага према член 5 од откупените количини на живина, јајца и перја и издава диспозиции на претпријатијата;

в) работата и пословањето на претпријатијата кои се под нејно административно-оперативно раководство да ја ускладува со работата и работењето на локалната откупна мрежа;

г) во цел за правилно извршување на планот на откуп, планот на производство и планот на расподелба (снабдување) да соработува со надлежните органи од ресорот на земјоделието;

д) на основание плановите преку своите претпријатија да организира и унапредува производството на живина и во таја цел да дава плански задачи на откупните претпријатија за оснивање и работење на фарми за узгој на живина, инкубаторски станици и кланици;

ѓ) преку своите претпријатија да се грижи за правилно сместување, транспорт и квалитативно чување на откупените и произведените количини на живина, јајца и перја, да води контрола над това и да се грижи за набавка на амбалаж и уреѓај за сместување и производство на живина, јајца и перја за своите претпријатија;

е) да води оперативна евиденција за откупот, производството и испораките на живина, јајца и перја.

Член 5

Главната дирекција во рамките на примените диспозиции располага со своите количини на живина, јајца и перја, кои ќе ги откупат републиканските откупни претпријатија, како и со количините кои ќе ги откупат локалните државни откупни претпријатија и задругите како комисионери.

Републиканските откупни претпријатија можат да располагаат со откупените количини живина, јајца и перја само на основание налози на Главната дирекција.

Државните локални откупни претпријатија и задругите кои вршат откуп како комисионери на републиканското откупно претпријатие можат да располагаат со откупените количини живина, јајца и перја, само на основание на налози на републиканското откупно претпријатие.

Изузетно локалните откупни претпријатија кои ќе бидат овластени да купуваат живина и јајца во смисол на чл. 2, можат да располагаат со живината и јајца откупени на тој начин, но со това, за откупените количини да ја известат Главната дирекција преку републиканското откупно претпријатие, под чиј реон потпаѓаат.

Член 6

Републиканските откупни претпријатија, локалните откупни претпријатија и задругите, кои вршат откуп на живина јајца и перја должни се, да водат евиденција за откупот и за сите примени, дадени и извршени диспозиции.

Член 7

На чело на Главната дирекција стои главен директор, кој управува со сите работи на дирекцијата.

Со комерцијалните работи управува комерцијалниот директор.

Член 8

Главната дирекција и комерцијалниот директор ги поставува Министерот за трговија и снабдување во согласие со Претседателот на Владата.

Член 9

Главната дирекција има совет во кој влегуваат: главниот директор, комерцијалниот директор, директорите на републиканските откупни претпријатија и службеници на Главната дирекција определени од главниот директор.

Главниот директор може по потреба на состаноците на советот да повикува и други лица.

Член 10

Поблиски прописи за извршување на оваа уредба и за организацијата и работата на Главната дирекција донесува Министерот за трговија и снабдување.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила веднаш.

Број 2418, 24-III-1949 година Скопје.

Претседател на Владата,
Л. Колишевски, с. р.

Министер
за трговија и снабдување,
Хр. Бајалски с. р.

76

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОТКУПОТ НА КОЖИ, ВОЛНА И ЦРЕВА И ЗА ОСНИВАЊЕ НА ГЛАВНА ДИРЕКЦИЈА ЗА ОТКУП И ПРОМЕТ СО КОЖИ, ВОЛНА И ЦРЕВА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ

Член 1

Откуп на кожи и волна на подрачјето на Народна Република Македонија вршат претпријатија за откуп на кожи и волна од републиканско значење, а откуп на црева врши претпријатието за откуп на црева и сиришта од републиканско значење.

Член 2

Секое републиканско претпријатие за откуп на кожи и волна опфаќа определен откупни реон. Министерот за трговија и снабдување во согласност со Министерот на индустријата и рударството го определува бројот на републиканските откупни претпријатија за подрачјето на Народна Република Македонија, како и реонот за секое републиканско откупно претпријатие.

Републиканското откупно претпријатие има во секоја околија од својот реон филијала која врши откуп на своето подрачје а каде за тоа нема условија, откупна станица. Откупни станици можат да се основаат и во поедини места и села кон не се седишта на околијата, а имаат тржишни одвишоци.

Член 3

Републиканското претпријатие за откуп на црева и сиришта има во секоја суфицитарна околија своја филијала, односно, каде за това нема условија, откупна станица.

Член 4

Во Министерството за трговија и снабдување се основа Главна дирекција за откуп и промет со кожи, волна и црева, со седиште во град Скопје.

Главната дирекција за откуп и промет со кожи, волна и црева е административно-оперативен раководител на претпријатијата од републиканско значење од член 1 и има надлежност која со закони и уредби е дадена на административно-оперативните раководители.

Член 5

Покрај задачите од чл. 4 Главната дирекција има за задача особено следното:

а) комерцијално да раководи со плановите за откуп и плановите за расподелба (снабдување) на кожи, волна, црева и сиришта и да во таја цел преку своите претпријатија иницијативно организира откуп на сите одвишоци на терет остварувајќи ја нужната соработка со надлежните државни органи;

б) на основание планот за расподелба (снабдување), а во рамките на диспозициите на надлежните органи, да располага со откупените количини на кожи, волна, црева и сиришта и да издава диспозиции на претпријатијата;

в) работата и пословувањето на претпријатија кои се под нејно административно-оперативно раководство да ја усогласува со работата и работењето на локалната откупна мрежа;

г) преку своите претпријатија да се стара за правилно сместување односно разместување, транспорт и квалитетно чување на откупените кожи, волна, црева и сиришта, да води контрола над това;

д) да води оперативна евиденција за откупот, состојанието и испораката на кожите, волната, цревата и сиришата.

Член 6

Главната дирекција во рамките на применете диспозиции, располага со сите количини на кожи, волна, црева и сиришта, кои ќе ги откупат републиканските претпријатија за откуп на кожи и волна и републиканското претпријатие за откуп на црева и сиришта.

Републиканските откупни претпријатија можат да располагаат со откупените количини кожи и волна односно црева и сиришта само на основание налози на Главната дирекција. Филијалите и откупни станици можат да располагаат со откупените количини кожи и волна односно црева и сиришта само на основание налози на надлежното републиканско откупно претпријатие.

Член 7

Републиканските откупни претпријатија, филијалите и откупните станици се должни да водат евиденција за откупот и за сите применети, издадени и извршени диспозиции.

Член 8

На чело на Главната дирекција стои главен директор, кој управува со сите работи на дирекцијата.

Со комерцијалните работи управува комерцијалниот директор.

Член 9

Главниот директор и комерцијалниот директор ги поставува Министерот за трговија и снабдување во согласие со Претседателот на Владата.

Член 10

Главната дирекција има совет во кој влегуваат: главниот директор, комерцијалниот директор, директорите на републиканските откупни претпријатија и службениците на Главната дирекција определени од главниот директор.

Главниот директор може на состаноците на советот да повикуваат по потреба и други лица.

Член 11

Поблиски прописи за извршувањето на оваа уредба и организацијата и работата на Главната дирекција донесува Министерот за трговија и снабдување.

Член 12

Оваа уредба влегува во сила веднаш.

Број 2417, 24-III-1949 година, Скопје

Претседател на Владата,
Л. Колишевски, с. р.

Министер
за трговија и снабдување,
Хр. Бајалски, с. р.

77

Врз основа на чл. 79 став II од Уставот на Народна Република Македонија, Владата на Народна Република Македонија по предлогот на Министерот за локален сообраќај донесува

УРЕДБА

За изменување и дополнување Уредбата за основање и организирање Управа за патиштата за Народна Република Македонија.

Уредба за основање и организирање Управа за патиштата во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 1 од 24 I 1948 година) се изменува и дополнува така да нејзиниот изменет и пречистен текст гласи:

УРЕДБА

за основање Управа за патиштата на Министерството за локален сообраќај

Член 1

Во Министерството за локален сообраќај се основа Управа за патиштата со седиште во град Скопје.

Член 2

Управата има задача:

1) Да планира и предложува изградување на патишта од републиканско значение, како и да ги обавува работите за редовно одржување на сојузните и републиканските патишта на територијата на Народна Република Македонија.

2) Да составува и предложува на сојузната Управа за патишта план за инвестиционите работи за патишта од сојузно значење на територијата на Народна Република Македонија и да врши координација на планот за изградување патишта од републиканско и локално значење.

3) Да трасира и проектува новоградња на патишта од помало значење и да врши реконструкција на истите.

4) Да води катастар на сите патишта и мостови на територијата на Народна Република Македонија.

5) Да води евиденција за состојбата и оптеретувањето на патиштата на територијата на Народна Република Македонија.

6) Да води евиденција за извршување на инвестиционот план и планот за одржување на сојузните и републиканските патишта на територијата на Народна Република Македонија.

Член 3

На чело на Управата стои управник, кој раководи со сите работи на Управата.

Управникот го назначува Министеоот за локален сообраќај во согласие со претседателот на Владата.

Член 4

Управникот на Управата со раководителите на поедини сектори и секретарот сочинува Колегиум на Упоавата.

Колегиумот на Управата му помага на Управникот во раководење на Управата. ги претоесува сите важни прашања како што се: организационо прашање, општите задачи и смерници.

Ако Управникот на Управата не се сложи со предлогот на Колегиумот на Управата може секој член од Колегиумот да тражи прашањето да го реши Министерот за локален сообраќај.

Член 5

Поблиски прописи за извршување на оваа Уредба, како и за организацијата и работата на Управата донесува Министерот за локален сообраќај.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 2428, 24 III 1949 година Скопје.

Министер за локален сообраќај, Тоде Ношпал, с. р.

Претседател на Владата Л. Колишевски, с. р.

78

Врз основа на чл. 79 став II од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Министерот за просвета, Владата на Народна Република Македонија ја донесува следната

УРЕДБА

за основање на Државен ансамбал на народните игри и песни на Народна Република Македонија

Член 1

Се основа Државен ансамбал на народните игри и песни на Народна Република Македонија со седиште во Скопје.

Државниот ансамбал на народните игри и песни е установа на Министерството за просвета и се наоѓа под раководство и надзор на Министерот за просвета.

Член 2

Државниот ансамбал на народните игри и песни има за задача:

1) да го негува, развива и подига уметничкото значење на народните игри;

2) да ги негува, обработува и разработува народните песни; и

3) да изготвува програми со народни игри и песни и да ги преставува на јавни уметнички настапи.

Член 3

Државниот ансамбал во својот состав има:

а) Одделение за народни игри и

б) Одделение за народни песни.

Одделенијата можат да имаат и отсеци.

Министерот за просвета може со решение да отвора нови одделенија, како и да ги соединува или укинува постоеките.

Член 4

Во Државниот ансамбал можат да постапат лица кои што се душевно и телесно здрави, кои што се душевно и телесно здрави, кои што имаат најмалку полуматура или нејзе равно образование, не се помлади од 14 ни постари од 25 години и имаат смисол и талент за народни игри и песни.

По исклучение можат да се примаат и лица со образование пониско од тоа предвидено во предходниот став и постари од 25 години ако покажуваат особени способности и талент.

Примањето во Државниот ансамбал станува со конкурс.

Член 5

За членовите на Државниот ансамбал важи Уредбата за припадлежностите на уметничкиот персонал во државната служба.

Член 6

Со Државниот ансамбал раководи директор.

На директорот во раководењето му помага уметничкиот совет на Ансамбалот.

Членовите на Уметничкиот совет ги именува Министерот за просвета од кругот на музичари, етнографи, корсографи, писатели и други истакнати културни работници.

Член 7

Државниот ансамбал има своја посебна претсметка на приходите и расходите во составот на претсметката на приходите и расходите на Министерството за просвета.

Член 8

Се овластува Министерот за просвета да издава поблиски прописи за извршувањето на оваа уредба, како и за организацијата на работата на Државниот ансамбал.

Член 9

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 2429. III 1949 год. Скопје.

Претседател на Владата, Л. Колишевски, с. р.

79

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обнова на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

за органназација на откупот на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци и за основање на Главна дирекција за откуп на промет со емиш, зарзават и алкохолни пијалоци на Министерството за трговија и снабдување

Член 1

Откуп на емиш и зарзават на подрачјето на Народна Република Македонија вршат претпријатијата за откуп на емиш и зарзават од републиканско значење, како и локалните државни откупни претпријатија и задруги — а откуп на алкохолни пијалоци врши претпријатието за откуп на алкохолни пијалоци од републиканското значење.

Член 2

Републикански претпријатија за откуп на емиш и зарзават се осиваат во сите суфицитарни реони. Секое републиканско претпријатие опфанува определен откупен реон. Министерот за трговија и снабдувањето го определува бројот на републиканските претпријатија за подрачјето на Народна Република Македонија, како и реонот за секое републиканско претпријатие.

Републиканското претпријатие има во секоја околија од својот откупен реон филијала, која врши откуп на своето подрачје преку свои откупни станици, а каде тоа не е возможно преку организационо способни околиски откупни претпријатија или месни земјоделски задруги како свои ко-

мисионери. Претпријатието може да има откупни станици односно комисионери по поедини места и села кои не се седишта на околијата а имаат тржишни одвишоци.

Локалните откупни претпријатија ќе вршат откуп на емиш и зарзават за локални потреби само во својата околија односно во подрачјето на околијата од чиј што административен состав е издвоен градот. Министерот за трговија и снабдување може на градските претпријатија на поедини поголеми градови да одобри вршење на откуп и надвор од нивната околија и во таја цел ги определува откупни реони. Градските откупни претпријатија вршат откуп преку сопствена откупна мрежа (откупни станици), а каде това не е возможно, преку околиски откупни претпријатија и месни земјоделски задруги како свои комисионери.

Републиканските откупни претпријатија можат да се занимаваат и со преработка на емиш и во таја цел можат да имаат сушници, уреѓаи за пуолирање и сл.

Член 3

Републиканското претпријатие за откуп на алкохолни пијалоци има во секоја суфицитарна околија од својот откупен реон своја откупна станица.

Републиканското претпријатие за откуп на алкохолни пијалоци се занимала како со откуп на алкохолни пијалоци, така и со откуп и преработка на емиш во алкохолни пијалоци.

Републиканското претпријатие за откуп на алкохолни пијалоци во таја цел може да има станици за преработка, пецари, подруми и слично.

Член 4

Во Министерството за трговија и снабдување се основа Главна дирекција за откуп и промет со емиш, зарзават и алкохолни пијалоци со седиште во град Скопје.

Главната дирекција за откуп и промет со емиш, зарзават и алкохолни пијалоци е административно-оперативен раководител на претпријатијата од републиканско значење за откуп на емиш и зарзават односно алкохолни пијалоци и има надлежност која со закони и уредби е дадена на административно-оперативните раководители.

Член 5

Покрај задачите од чл. 4 Главната дирекција има за задача особено следното:

а) ца комерцијално раководи со извршувањето на плановите за откуп и плановите за расподелба (снабдување) на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци и да во таја цел преку своите претпријатија иницијативно организира откупи на сите одвишоци на терен остварувајќи ја нужната соработка со надлежните државни органи, како и да се грижи и презема мерки за правовремено и равномерно снабдувања потрошачките центри со емиш, зарзават и алкохолни пијалоци;

б) на основание плановите за расподелба (снабдување), а во рамките на диспозициите на надлежните органи, да располага со откупните количини на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци и да издава диспозиции на претпријатијата;

в) работата и пословањето на претпријатијата кои се под вејна административно-оперативно раководство да ја ускладува со работата на локалната откупна мрежа (државна и задружна);

г) на основание плановите преку своите претпријатија да организира производство на алкохолни пијалоци со оснивање на станици за преработка, пецари, подруми и т. н.;

д) преку своите претпријатија да се грижи за правилно сместување односно разместување, транспорт и квалитетно чување на откупените количества на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци, да води контрола над това, како и да се грижи за набавка на амбалаж, уреѓаи за чување, сместување основно разместување, транспорт, преработка на емиш и алкохолни пијалоци;

ѓ) да води оперативна евиденција за откупот на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци, преработката на емишот, производството на алкохолни пијалоци и испорачите на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци.

Член 6

Главната дирекција во рамките на примените дисвозиции располага:

а) со сите количества на емиш и зарзават, кои што ќе ги откупуваат републиканските претпријатија за откуп на емиш и зарзават и нивните работни агенции (филијали и откупни станици);

б) со сите количества на емиш и зарзават, кои што ќе ги откупуваат локалните државни откупни претпријатија и задругите како комисионери на републиканското откупно претпријатие; и

в) со сите количества на алкохолни пијалоци, кои што ќе ги откупуваат и преработат републиканското откупно претпријатие и локалните државни откупни претпријатија и задругите како комисионери на републиканското откупно претпријатие.

Член 7

Републиканските претпријатија за откуп на емиш и зарзават како и републиканското претпријатие за откуп на алкохолни пијалоци, можат да диспонираат со откупните односно производствените и преработките количества на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци, само на основание на налози на Главната дирекција.

Локалните државни откупни претпријатија и земјоделските задруги кои вршат откуп на емиш и зарзават како комисионери на републиканските откупни претпријатија можат да диспонираат со откупните количества само на основание на налози на републиканските претпријатија.

Локалните откупни претпријатија и задругите можат да откупуваат алкохолни пијалоци односно да вршат откуп и преработка на емиш во алкохолни пијалоци само како комисионери на републиканското претпријатие за откуп на алкохолни пијалоци и со откупените односно преработените количества алкохолни пијалоци можат да располагаат само на основание на налози на републиканското откупно претпријатие.

Член 8

Локалните откупни претпријатија должни се, за сите откупени количества на емиш и зарзават по најбрз пат да поднесуваат извештај ди Главната дирекција преку републиканското откупно претпријатие под чиј откупни реон тие потпаѓаат.

Член 9

Републиканските откупни претпријатија, локалните откупни претпријатија и задругите, кои вршат откуп на емиш и зарзават односно откуп на алкохолни пијалоци, должни се да водат евиденција за сите откупени количества, примени, издадени и извршени диспозиции.

Член 10

На чело на Главната дирекција стои главен директор кој управува со сите работи на Главната дирекција.

Со комерцијалните работи управува комерцијалниот директор.

Член 11

Главниот директор и комерцијалниот директор ги поставува Министерот за трговија и снабдување во согласи со Претседателот на Владата.

Член 12

Главната дирекција има совет во кој влегуваат: главниот директор, комерцијалниот директор, директорите на републиканските откупни претпријатија и службениците на Главната дирекција определени од главниот директор.

Главниот директор може по потреба на состаноците на советот да повикува и други лица.

Член 13

Поблиски прописи за извршување на оваа уредба и за организацијата и работата на Главната дирекција донесува Министерот за трговија и снабдување.

Член 14

Оваа уредба влегува во сила веднаш.

Број 2414 24 III 1949 година Скопје.

Претседател на Владата,
Л. Колишевски с. р.

Министер
за трговија и снабдување
Хр. Бајалски с. р.

80

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

за организација на откупот на житарици оризова арпа и фураж и за основање на Главна дирекција за откуп на житарици, оризова арпа и фураж на Министерството за трговија и снабдување

Член 1

Откупот на житарици, оризова арпа и фураж на подрачјето на Народна Република Македонија го вршат претпријатијата за откуп на житарици, оризова арпа и фураж од републиканско значење.

Секое откупно претпријатие опфаќа определен откупен реон. Министерот за трговија и снабдување го определува бројот на откупните претпријатија за подрачјето на Народна Република Македонија, како и реоните на секое републиканско претпријатие.

Републиканското претпријатие има во секоја околија од својот откупни реон филијала, која врши откуп на своето подрачје преку свои откупни станици, а каде за тоа нема услови преку земјоделски задруги како комисионери.

Член 2

Во Министерството за трговија и снабдување се основа Главна дирекција за откуп на житарици, оризова арпа и фураж со седиште во град Скопје.

Главната дирекција за откуп на житарици, оризова арпа и фураж е административно-оперативен раководител на претпријатијата од чл. 1 и има надлежност која со закони и уредби е дадена на административно-оперативните раководители.

Член 3

Покрај задачите од чл. 2 Главната дирекција има за задача особено следното:

а) комерцијално да раководи со извршувањето на планот за откуп на житарици, оризова арпа и фураж и во тој дел преку своите претпријатија иницијативно да организира откуп на сите одвивци на терен, остварувајќи ја нужната соработка со надлежните државни органи;

б) на основание планот за распоредба (снабдување), и во рамките на диспозициите на надлежните органи, да располага со откупените количини на оризова арпа и фураж и да издава диспозиции на претпријатијата;

в) работата и пословањето на претпријатијата кои се под нејно административно-оперативно раководство да ги усогласува со работата и работењето на земјоделските задруги;

г) да води надзор откупените житарици правовремено да се стават на расположение и продаја на Дирекцијата на државниот жителен фонд односно на нејзините органи по утврдените цени и да води надзор над извршувањето на налозите од наведената дирекција односно од нејзините органи;

д) преку своите претпријатија да се грижи за правилно сместување, транспорти и квалитетно чување на откупените количини на житарици, оризова арпа и фураж да води контрола над тоа и да се грижи за набавка на амбалаж и постојка за сместување, транспорт на житарици, оризова арпа и фураж;

ѓ) да води евиденција за откупот и за сите примени и извршени налози од Дирекцијата на државниот жителен фонд односно од нејзините органи за расположувањето на оризова арпа и фураж.

Член 4

Главната дирекција во рамките на примените диспозиции од надлежните органи, располага со сите количини на оризова арпа и фураж кои ќе ги откупат републиканските откупни претпријатија и задругите како комисионери.

Републиканските откупни претпријатија можат да располагаат со откупените количини оризова арпа и фуражи само на основание налози на Главната дирекција. Задругите кои што вршат откуп на оризова арпа и фураж, како комисионери на републиканското откупно претпријатие можат да располагаат со откупените количини само на основание налози на републиканското претпријатие.

Член 5

Републиканските откупни претпријатија и задругите должни се да водат евиденција за сите откупени количини издадени и извршени диспозиции.

Член 6

На чело на Главната дирекција стои главен директор кој управува со сите работи на дирекцијата.

Со комерцијалните работи управува комерцијалниот директор.

Член 7

Главниот директор и комерцијалниот директор ги поставува Министерот за трговија и снабдување во согласност со Претседателот на Владата.

Член 8

Главната дирекција има совет во кој влегуваат: главниот директор, комерцијалниот директор, директорите на републиканските откупни претпријатија и службениците на Главната дирекција определени од главниот директор.

Главниот директор може на состаноците на советот по потреба да повикува и други лица.

Член 9

Поблиски прописи за извршување на оваа уредба и за организацијата и работата на Главната дирекција донесува Министерот за трговија и снабдување.

Член 10

Оваа уредба влегува во сила веднаш.

Број 5415, 24-III-1949 година Скопје.

Претседател на Владата,
Л. Колишевски с. р.

Министер за трговија и снабдување,
Хр. Бајански с. р.

81

Врз основа на чл. 79 ст. II од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Министерот на индустријата и рударството, Владата на Народна Република Македонија ја донесува следната

УРЕДБА

за изменување на Уредбата за основање на главни дирекции на Министерството на индустријата и рударството на Н. Р. Македонија

Член 1

Членот 5 од Уредбата за основање на главни дирекции на Министерството на индустријата и рударството на Н. Р. Македонија се менува и гласи:

Со работите на погонот во Главната дирекција управува главен инженер, кој што е истовремено и прв заменик на главниот директор.

Со планските работи управува директор на план, а со комерцијалните работи комерцијален директор.

Со кадровските работи управува заменик на главниот директор по кадровски работи.

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

Главниот директор, главниот инженер, директорот на план, заменикот и главниот директор по кадровски работи и комерцијалниот директор ги поставува Министерот на индустријата и рударството во согласност со Претседателот на Владата.

Член 3

Во членот 8 ставот 1 се менува и гласи:

Главниот директор со главниот инженер, директорот на план, заменикот на главниот директор по кадровски работи, комерцијалниот директор и секретарот на дирекцијата сочинуваат Колегиум на дирекцијата. Со колегиумот раководи главниот директор.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 2431, 24-III-1949 година, Скопје.

Претседател на Владата,
Л. Колишевски, с. р.

Министер
на индустријата и рударството,
Бл. Пенев, с. р.

82

Врз основа на чл. 79 став II од Уставот на Народна Република Македонија, Владата на Народна Република Македонија по предлогот на Министерот за земјоделие донесува

УРЕДБА

за укинување на Главната дирекција на земјоделско-машинските станции на Министерството за земјоделие

Член 1

Се укинува Главната дирекција на земјоделско-машинските станции на Министерството за земјоделие, основана со Уредбата на Владата од 16 VI 1948 година под Бр. 6265.

Член 2

Ликвидацијата на Главната дирекција ќе ја спроведе ликвидационата комисија определена од Министерот за земјоделие.

Надлежноста, правата и обврските како и несвршените работи од Главната дирекција на земјоделско-машинските станции преминуваат на Министерството за земјоделие.

Член 3

Со овластува Министерот за земјоделие да дава напатствија за извршување на оваа уредба.

Член 4

Уредбата за основање Главна дирекција на земјоделско-машински станции на Министерството за земјоделие ("Службен весник на НРМ" Бр. 18 од 23 јуни 1948 година) престанува да важи.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето и' во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 2423, 24 III 1949 година Скопје

Министер за земјоделие, Вера Ацева, с. р.

Претседател на Владата, Л. Колишевски, с. р.

83

Врз основа на чл. 79 став II од Уставот на Народна Република Македонија, по предлог на Министерот на индустријата и рударството, Владата на Народна Република Македонија ја донесува следната

УРЕДБА

за изменување на Уредбата за основање на Главна дирекција на републиканската метална индустрија на Министерството на индустријата и рударството на Народна Република Македонија

Член 1

Членот 5 од Уредбата за основање на Главна дирекција на републиканската метална индустрија на Министерството на индустријата и рударството на Народна Република Македонија, се менува и гласи:

Со работите на погонот во главната дирекција управува главен инженер, кој што е истовремено и прв заменик на главниот директор.

Со планските работи управува директор на план, а со комерцијалните работи комерцијален директор.

Со кадровските работи управува заменик на главниот директор по кадровски работи.

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

Главниот директор, главниот инженер, директор на план, заменикот на главниот директор по кадровски работи и комерцијалниот директор ги поставува Министерот на индустријата и рударството во согласност со Претседателот на Владата.

Член 3

Во членот 8 ставот 1 се менува и гласи;

Главниот директор со главниот инженер, директорот на план, заменик на Главниот директор по кадровски работи, комерцијалниот директор и секретарот на дирекцијата сочинуваат колегиум на Дирекцијата. Со колегиумот раководи главниот директор.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 2427, 24 III 1949 година Скопје.

Министер на индустријата и рударството, Бл. Попов с. р.

Претседател на Владата Л. Колишевски, с. р.

84

Врз основа на чл. 29 точка 8, во врска со чл. 11 точка 16 и 53 од Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947 — 1951 и во врска со чл. 11 од Општиот закон за шумите, Владата на Народна Република Македонија, по предлог на Министерот за шумарство и Министерот за земјоделие донесува

НАРЕДБА

ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ГУБАРОТ

I.

Поради спречување на штети кои на народното стопанство нанесува губарот се образуваат посебни органи со задача да организираат и раководат со борбата против губарот во цел на неговото уништување и тоа:

1) Републиканска комисија за борба против губарот при Министерството за шумарство;

2) Околиски односно градски комисии за борба против губарот при извршните одбори на околиските односно градските народни одбори;

3) Месни комисии за борба против губарот, при месните народни одбори.

II.

Републиканската комисија остварува општото раководство во борбата против губарот дава напатствија, доделува материјални и финансиски средства и ја помага работата на пониските органи, кои учествуваат во борбата против губарот.

Околиските комисии раководат со работата на месните комисии и ја ускладуваат нивната работа, ги снабдуваат со материјални и финансиски средства, непосредно раководат и ја организираат работата околу уништувањето на губарот во поголемите комплекси и водат евиденција за работата на уништувањето на губарот на подрачјето на околијата вклучувајќи ги во борбата жителите во местото а нарочно масовните организации.

Градските и месните комисии непосредно организираат и раководат со борбата против губарот на подрачјето на градот односно на подрачјето на месниот народен одбор.

III.

Членовите на Републиканската комисија ги именуваат согласно Министерот за шумарство и Министерот за земјоделие.

Членовите на околиските односно градските комисии ги именуваат извршните одбори на околиските односно градските народни одбори.

Членовите на месните комисии ги именуваат извршните одбори на месните народни одбори.

Во состав на комисиите влегуваат покрај шумарски и земјоделски стручњаци и лица наведени во точ. IV од оваа Наредба уште и претставители на масовните организации како и просветни работници.

IV.

Со работата на Републиканската комисија раководи лице кое согласно го одредува Министерот за шумарство и Министерот за земјоделие.

Со работата на околиската комисија раководи повереникот за земјоделие и шумарство, односно повереникот за земјоделие или повереникот за шумарство кого ќе го одреди извршниот одбор на околискиот народен одбор.

Со работата на градските комисии раководи повереникот за земјоделие и шумарство. Со работата на месните комисии раководи претседателот или член на месниот народен одбор.

V

Сопствениците и држателите на шуми, овошни градини, шикари, усамени стабла и овошни дрвја и забрани, како и задругите и државните земјоделски и шумски претпријатија и установите должни се да го уништуваат губарот во сите стадиуми на неговиот развиток и да вршат повре-

мени прегледи на горните површини и секоја појава на губарот веднаш да ја пријават на надлежната месна односно градска комисија за борба против губарот. Рокови за ова одредува околиската односно градската комисија доколку истите не се одредени од повисоките државни органи.

Рокови за уништување на губарот и за вршење повремени прегледи можат да одредуваат и Министерот за шумарство со Министерот за земјоделие.

Секоја комисија должна е веднаш да ја извести непосредно повисоката комисија за секоја појава на губарот на своето подрачје.

VI.

Во случаите на сузбивање на губарот во предели кои се много заразени, извршните одбори на околиските односно градските народни одбори, се должни да организираат масовни акции за уништување на губарот.

Во масовните акции должни се на позив на извршниот одбор на околискиот односно градскиот народен одбор да учествуваат сите за работа способни граѓани од подрачјето на околијата односно градот и постапуваат по напатствијата на одреденот раководител на акцијата.

VII.

Со казна на лишење на слобода до три месеци или казна поправителна работа до три месеци или парична казна до 15.000 динари ќе се казни:

1) кој не постапи по т. V од оваа Наредба;

2) кој материјал односно средства кои што се дадени за уништување на губарот не употребува или го употребува за други сврхи.

VIII.

Со казна поправителна работа до два месеца и парична казна до 3.000 динари или една од овие казни ќе се казни:

1) кој не постапи по т. VI став 2 од оваа Наредба или без оправадани причини не постапи по наредбите издадени врз основа одредбите на оваа Наредба;

2) кој ќе поднесе неточни сведенија за појавата на губарот на својот имот односно на имотот кој го управува.

IX.

Административно-казнената постапка во прв степен ја води извршниот одбор на околискиот односно градскиот народен одбор по одредбите на Основниот закон за прекршоци.

Решение во друг степен по жалбата донесува Министерот за шумарство во колку се однесува на прекршокот учинет исклучително во врска со сузбивање на губарот во шумските предели, а во други случаи Министерот за земјоделие.

Административно-казнената постапка на оваа наредба е хитна.

X.

Поблиски прописи за извршување на оваа наредба ќе донесат согласно Министерот за шумарство и Министерот за земјоделие.

XI.

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 2426.
24-III-1949 година
Скопје.

Претседател на Владата,
Л. Колишевски с. р.

Министер за шумарство,
С. Ивановски с. р.

Министер за земјоделие,
В. Ацева с. р.

85

Врз основа на чл. 16 од Уредбата за правната струка, во согласност со Претседателот на Владата, донесувам

НАРЕДБА

ЗА УКИНУВАЊЕ ЗНАЊЕТО "ПРИСТАВ" ВО ПРАВНАТА СТРУКА

1. — Се укинува звањето "пристав" во правната струка.

2. — Во член 2 од Уредбата за правната струка кај групата на звањата под Г', наместо Г' се става Д.

3. — Службениците предвидени за приправници на звањето пристав или на звањето пристав, после укинувањето на ова звање ќе се преведат за приправници односно за звање од правната или од некоја друга струка.

4. — Оваа наредба влегува во силе со денот на објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 513,19 јануари 1949 година.

Министер на правосудието,
В. Калашиски С. Р.

Согласен
Претседател на Владата на НРМ
Л. Колишевски с. р.

86

Врз основа чл. 1 став II од Уредбата за нижи балетски школи ("Службен весник на Народна Република Македонија" бр. 3/49) го донесувам следното

РЕШЕЊЕ

за отворање нижа балетска школа во Скопје

1. Се отвора нижа балетска школа во Скопје.

2. Школата ќе почне со работа во учебната 1948/49 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија".

I бр. 2150, 28 февруари 1949 год., Скопје.

Министер за просвета,
Д. Мире, с. р.

87

Врз основа на чл. 6 од Уредбата на Владата на Народна Република Македонија за оснивање на [illegible] трговско стоваришта

РЕШАВАМ

1) Државно трговско стовариште за колонијал во град Скопје и Државно трговско стовариште за железарија во град Скопје да објават од 25 II 1949 год. ликвидација на своето работење.

Ликвидацијата да се заврши закључно до 1-VII-1949 год. од која дата стовариштата престануват со своето работење.

2) Со чистата имовина на стовариштата од т. 1 по ликвидацијата располага потпишаниот Министер во согласие со Министерот на финансиите на Народна Република Македонија.

3) Ова решение влегува во сила веднаш.

Бр. 5401 од 21 февруари 1949 год. Скопје

Министер
за трговија и снабдување
К. Миљовски, с. р.

88

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје, надлежно по чл. 13, точка г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување оснивањето и работата на "Шаховскиот сојуз на Македонија" со седиште во гр. Скопје, донесе следното:

РЕШЕЊЕ

Одобрува оснивањето и работата на "Шаховскиот сојуз на Македонија" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје, на ден 23 февруари 1949 год. под IV бр. 1622/49 год.

Министер
на внатрешните работи на НРМ
Цв. Узуновски, с. р.

89

Републиканската изборна комисија на Народна Република Македонија, врз основа на чл. 21 ст. 3 т. 2, чл. 22 и во врска со чл. 20 ст. 2 од Законот за избор на одборници на народните одбори, по предлог на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на гр. Прилеп, на седницата од 19-II-1949 година, донесе

РЕШЕЊЕ

ЗА ИЗМЕНА ВО СОСТАВОТ НА ГРАДСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ГР. ПРИЛЕП

1) Симка Трифуновска, се разрешава од должноста секретар на Градската изборна комисија за град Прилеп, затоа што е преместена, а место неа се поставува за секретар на истата комисија Нада Попеска, службеник на Градскиот народен одбор на гр. Прилеп.

2) Ова решение да се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија" и да се достави на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на гр. Прилеп.

Број 9, 19-II-1949 година, Скопје.

РЕПУБЛИКАНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Н. Корабар, с. р.

За Претседател, Б. Левков, с. р.

90

РЕШЕЊЕ

Во врска со решението бр 1, од 5-I-1949 год. на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Титов Велес, за спроведување на дополнителни избори за одборнички места во пленумот на Градскиот народен одбор на град Титов Велес, за изборните единици бр. 15 и бр. 26, кои ќе се одржат на 27-II-1949 год. на своето вонредно заседание од 19-II-1949 год со протокол бр. 10, истиот одбор реши, да биде одложена датата за спроведувањето на дополнителните избори за упразнените одборнички места во пленумот на Градскиот народен одбор на град Титов Велес, за изборните единици бр. 15 и бр. 26, за 13-III-1949 год., поради настанатите материјални пречки, кои постоат, за одржувањето на изборите.

Од Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Титов Велес, на 19-II-1949 год. Бр. 4034.

91

Врз основа чл. 8 и 10 од Законот за избор на одборници за народните одбори, Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Крушево, го донесе следното

РЕШЕЊЕ

Се распишуваат избори за едно одборничко место на Околискиот народен одбор во гр. Крушево во VI изборна единица, која опфаќа дел од улиците "Коча Миленко" и "Мичо Матов" во гр. Крушево.

Изборите ќе се одржат на ден 10 април 1949 година.

Од Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во Крушево.

Министерството на правосудието на НРМ по извршеното сравнување со изворниот текст, установило дека во текстот на Напатствието за извршување на Уредбата за контрола на прометот на Народна Република Македонија бр. 1 од 21 јануари 1949 година се потрале долу наведените грешки и дава следна

ИСПРАВКА

НА НАПАТСТВИЕТО ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КОНТРОЛА НА ПРОМЕТОТ СО НЕДВИЖНОСТИ

1. На страна 13 во точка II став 1 во петтиот ред после зборот „тестаментално" погрешно е напечатено „на-или одрекнување од наследство од страна на други наследници", а треба да стои "наследство и врз основа на легат".

На истата страна во истата точка во став 2 четврти ред после зборот "одрекнување" треба да се стави "од наследство";

На истата страна, во истата точка во став 4, во вториот ред стои "или", а треба да стои "и";

2. На страна 13 во точка III под 1 во првиот ред после зборот "постои" треба да стои "и";

3. На страна 13 во точка VI во шестиот ред после зборот "да" треба да стои "не".

Од Министерството на правосудието на НРМ — Бр. 246/49 од 5 II 1949 год.

СОДРЖИНА

		стр.
66	Указ за ставање вон сила ставот 1 од точка 9 на членот 1 на Указот за одделување, соединување, укинување и промени на границите на административно-територијалните единици	67
69	Указ за реконструкција на Владата на НРМ	67
70	Указ за одредување државни стопански претпријатија од локално значение за претпријатија од републиканско значение	67
71	Указ за распишување општи избори за избор на одборници за сите месни народни одбори на територијата на Народна Република Македонија	67
72	Уредба за дозволите за основање и обавување на занаетчиски работи	68
73	Уредба за организација на откупот на млеко и млечни производи и за основање на Главна дирекција за откуп и промет со млеко и млечни производи на Министерството на трговијата и снабдување	69
74	Уредба за организација на откупот на добиток и на производи од месо и за основање на Главна дирекција за откуп и промет со добиток и производи од месо на Министерството на трговијата и снабдување	70
75	Уредба за организација на откупот на живина, јајца и перја и за основање Главна дирекција за откуп и промет со живина, јајца и перја на Министерството на трговија и снабдување	71
76	Уредба за организација на откупот на кожи, волна и црева и за основање на Главна дирекција за откуп и промет со кожи, волна и црева на Министерството на трговијата и снабдување	72
77	Уредба за изменување и дополнување Уредбата за основање и организирање Управа на патиштата во Народна Република Македонија	72
78	Уредба за основање на Државен ансамбал на народните песни и игри на НР Македонија	73
79	Уредба за организација на откупот на емиш, зарзават и алкохолни пијалоци и за основање на Главна дирекција за откуп и промет со емиш, зарзават и алкохолни пијалоци на Министерството за трговија и снабдување	73
80	Уредба за организација на откупот на житарици, оризова арпа и фураж и за основање на Главна дирекција за откуп на житарици, оризова арпа и фураж на Министерството на трговија и снабдување	75
81	Уредба за изменување на Уредбата за основање на главни дирекции на Министерството за индустрија и рударство на НР Македонија	75
82	Уредба за укинување на Главната дирекција на земјоделско-машинските станици на Министерството за земјоделие	76
83	Уредба за изменување на Уредбата за основање на Главна дирекција на републиканската метална индустрија на Министерството на индустрија и рударството на НРМ	76
84	Наредба за сузбивање на губарот	76
85	Наредба за укинување звањето "пристав" во правната струка	77
86	Решение за отварање нижа баѕетска школа во Скопје	77
87	Решение за ликвидација на Државното трговско стовариште за колонијал во Скопје	77
88	Решение за основање и работата на Шаховскиот сојуз на Македонија	77
89	Решение за измена на составот на Градската изборна комисија за град Прилеп	78
90	Решение за спроведување на дополнителни избори за одборници на Градскиот народен одбор во Титов Велес	78
91	Решение за распишување избори за едно одборничко место на Околискиот народен одбор во гр. Крушево	78
	Исправка на Напатствието за извршување на Уредбата за контрола на прометот за недвижности.	78

Издава и редактира: „Службен весник на Народна Република Македонија" — новинско издателско претпријатие — ул. Маршал Тито бр. 10 — Поштенски фах 51 Телефон на редакцијата и администрацијата 696 Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев. — Печати: Печатница „Гоце Делчев", Скопје